ПРИЛОГ XI
ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ
(ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА МОНИТОРИНГ)

Активност: Живинарска фарма ГОЛДЕН ЕГ Скопје

Инвеститор: Друштво за производство и одгледување на живина ГОЛДЕН ЕГ ДООЕЛ с. Визбегово Скопје

Скопје, 2026 година

СОДРЖИНА

1. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ 3

1.1 | Општи информации 3
1.2 | Емисии во амбиентен воздух 3
1.3 | Емисии на отпадни води 4
1.4 | Бучава 4

2. ДОДАТОЦИ 5

1. ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

1.1 | Општи информации

Мониторингот претставува систематизирано, континуирано мерење, следење и контрола на состојбите, квалитетот и промените на медиумите и областите на животната средина. Мониторингот е предуслов за правилно управување со животната средина, што пак води кон донесување на правилни одлуки и активности за управување и заштита на животната средина.

Како оператор на постројка која ќе врши емисии и со своите активности ќе има одредено влијание врз медиумите на животната средина, Голден Ег Скопје има обврска за вршење мониторинг над емисиите и имисии во животната средина, а во согласност со условите во интегрираната еколошка дозвола.

Со цел следење на влијанијата од инсталацијата, во прилог е даден предлог мониторинг план што вклучува низа активности за следење на влијанијата (емисии и имисии/квалитет на животна средина) од инсталација согласно природата на активноста.

Точките и параметрите на мониторинг

При изборот на точките на мониторинг земени се во предвид значајните точкасти извори, соодветните точки за мониторинг на амбиеталната животна средина. Треба да се врши мониторинг на оние извори на емисии за кои се смета дека имаат значајно влијание врз животната средина и на оние за кои се потребни мерки за намалување за да се постигнат прифатливи нивоа на емисии.

Фреквенцијата на мониторингот

Фреквенцијата на мониторингот ќе биде одредена во согласност со значењето на влијанието, капацитетот на инсталацијата, карактеристиките на изворите, факторите на ризик и потребата од мониторинг и анализа на ресусите.

Методи на земање на примероци и анализи

Методите за мониторинг, земање на примероци и анализи треба да бидат стандардни или валидизирани, прифатливи за надлежен орган. Персоналот треба да биде соодветно квалификуван и целосниот опсег на земањето на примероци и правењето на анализи треба да биде предмет на контролата на квалитет.

Известување

Известување за резултатите од мониторингот вклучува сумирање и презентирање на резултатите од мониторингот, поврзаните информации и заклучоци од усогласувањето на ефикасен начин. Известувањето за резултатите од мониторингот до надлежниот орган ќе биде во согласност со условите од интегрираната еколошка дозвола.

Во Додаток 1 е дадена карта на места на мониторинг на емисии во воздух.

1.2 | Емисии во амбиентен воздух

Согласно карактеристиките на инсталацијата и обврските од соодветното законодавство[1], мониторингот на емисиите во воздух од фармата е одреден со следната табела.

[1] Правилник за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот

Извор	Параметар	Гранична вредност на емисија (mg/Nm³)	Фреквенција
Испуст од Хала 1, 2 и 3 за одгледување кокошки несилки	Цврсти честички - Прашина	50 mg/m³	Еднаш годишно
	Вкупен амонијак	50 Ppm v/v	Еднаш годишно

1.3 | Емисии на отпадни води

Сите отпадни води создадени на локацијата на инсталацијата се собираат во непропустни септички јами. Празнењето на јамите предвидено е да се прави по потреба, од страна на надворешна фирма. Операторот ќе води редовна контрола на капацитетот на јамите и нивно празнење по потреба, за што ќе води соодветна евиденција.

Согласно ситуацијата, не се предлага мониторинг од аспект на ова прашање.

1.4 | Бучава

Влијанието од работата на фармата по однос на прашањето на бучава предвидено е да се следи на две мониторинг точки на границата на локацијата, на најкусо растојание помеѓу изворите на бучава и животната средина. Мониторинг точките се така одбрани да ја рефлектираат состојбата со животната средина по однос на прашањето на бучава што произлегува од фармата. Операторот ќе врши мониторинг на амбиенталната бучава во животна средина со цел оценување на влијанието на работата на фармата врз околината.

Табела Мерни места за мониторинг на амбиентална бучава во животна средина

Мерно место	Координати
ММ1 на 10 m од хала 3 и на 190 m од куќа	N: 42,045718º E: 21,396627º
ММ2 на 10 m од хала 2 и на 40 m од куќа	N: 42,047170º E: 21,397200º

Предлог фрекфенција за мониторинг - Еднаш годишно во текот на првата година, односно еднаш на две години по првата година, доколку првото мерење не покаже надминување на дозволените вредности.

Во Додаток 2 е дадена карта на места на мониторинг на емисии на амбиентална бучава.

2. ДОДАТОЦИ

Додаток 1 Микролокација на изворите на емисии во воздух

Мерни места каде за мерења на ниво на бучава во животна средина

Додаток 1 Микролокација на изворите на емисии во воздух



Додаток 2 Мерни места каде за мерења на ниво на бучава во животна средина



KPAJ